# Мањифико и Веќифико главни ѕвезди на Златна буба мара на популарноста





Калиопи испеа песна од мјузиклот "Чија си"

Осмата "Златна буба мара на популарноста", завчера во Универзалната сала не го повтори успехот на седмата. Но ја задржа традицијата и главното мото: забава и смеење, интересни гости и ексклузивни промоции. Одамна веќе не се поставува прашањето: кој ги дава наградите, по кој критериум, и дали се поделени по заслуга или поради пријателство? Најголемиот дел од редовните, а и новите гледачи на "Буба марата" доаѓаат за шоуто на Тони Михаловски. Тони завчера му обрна премногу внимание на Бојан Јовановски од "13 за најуспешните". Тоа му се зема како единствена забелешка. Михајловски ја започна "војната" на ланската "Буба мара", Бојан се обиде да му врати на годинешнава "13", но Тони го "докусури" завчера. Очигледно е дека публиката навива за Тони, но има ли потреба публиката да се заморува со јавните препукувања? Интересно е што истите оние пејачи што пред една недела зедоа награди на "13" и му се заблагодарувaa на Бојан, завчера му се потсмеваа заедно со Тони.

Љубомир Бранѓолица ја доби наградата за животно дело. Неговата легендарна "Езеро мое" фантастично ја испеа Александра Пилева. Иво Јанкоски, земајќи ја наградата за музичкиот проект "М2", ја искористи можноста да излобира за Пилева на "Евросонг". Ламбе Алабаковски е откритие на годината, најпродуцент е Александар Масевски, мјузикл "Чија си", радиоемисија "Драјв тајм" на "Антена 5", ТВ-водител Трендо, емисии "Вртелешка" и "К-15". Традиционално, "Идеја плус" е најдобра маркетинг агенција. Добра можност да му се честита новородениот син на директорот.

Владо Јаневски за прв пат се појави да ги подигне наградите за хит ("Ваков или таков"), албум и за текстописец. Хитот не го слушнавме, но Владо му подари 1.000 евра за операција на хендикепираниот олимпиец Миле Стојковски кој лани со инвалидската количка стаса до Атина. Калиопи е пејачка на годината, "Суперхикс" група, а Тоше е најпејач и има најдобар концерт. Проески не се појави во Универзалната сала поради повредата на ногата. Не дојде ниту гостинката од Загреб Нина Бадриќ, поради грип. Нејзин хит испеа Тамара. Ѕвезди на вечерта беа Словенецот Мањифико и неговиот поголем брат Веќифико, диџеј Нино од радио "Буба мара". По долгата пауза, убаво освежување беше настапот на "Ареа", како и точката на виолина-мајсторот Зоран Џорлев. Премиерно ја чувме и Каролина, со новата песна од Калиопи "Се лажам себе", како најава за албумот во април. Секоја чест за крајот: настапот на КУД "Танец" и нивната награда: светски амбасадори на македонската култура.

***М.Џаровска***
***Фото: В.Тануровски***

Мањифико и "Хир ај кам хир ај гоу"



Овации од публиката за "брат му" на Мањифико Веќифико



Владо Јаневски донираше 1.000 евра за операција на Миле Стојковски, Каролина промовираше нова песна од Калиопи

